лодени, не само пред македонскиот туку и пред грчкиот народ, политиката на реакционерната влада, откривајќи ги истовремено соработниците на окупаторот, кои место да бидат осудени заседоа такви државни позиции од каде што можеа да спроведуваат исти мерки како за време на окупацијата. Македонската организација, која била окарактеризирана како автономистичка, иако работи под многу тешки услови, сѐ повеќе ја проширува својата дејност и од извештаите за организационата состојба се гледа колку се ширија нејзините корени. Македонскиот народ го чувствуваше НОФ како своја верна и правична организација и затоа членството секојдневно растеше.

Низ документите, изнесени во овој том се чувствува и будноста на НОФ (основана на 23 април 1945 година) кон сѐ она што се случуваше во овој период. Затоа многубројни се таквите документи преку кои месните, реонските, среските, обласните и Главниот одбор на НОФ, реално ја регистрираат состојбата, особено теророт кој заземаше сѐ пошироки размери ширум цела Егејска Македонија.

Од документите се добива јасна слика дека една од основните цели на реакцијата беше да го истера македонското население од родната земја и да го збрише словенското обележје на македонската територија за да ја реализира таа цел, во своите постапки, таа не бираше средства и начини.

Покрај цврстината и желбата да се биде единствен во борбата против нападите на непријателот во организацијата НОФ, како што тоа се гледа и од некои излагања, изјави и сл., има појави на недоразбирање и меѓусебно обвинување на кадрите. Иако ова не е суштинска грешка, сепак ќе се одрази и во понатамошните односи во организацијата.

Целосно земено, документите од II-от том на Зборникот даваат една целина и откриваат една немирна состојба во Грција и Егејска Македонија во текот на 1945 година која ни најавува почетоци на граѓанската војна во Грција.

**Ф. Б.**

**Андреј Митровић — ВРЕМЕ НЕТРПЕЉИВИХ — ПОЛИТИЧКА ИСТОРИЈА ВЕЛИКИХ ДРЖАВА ЕВРОПЕ 1919—1939, Београд 1974, 621.**

Неодамна нашата историска наука се здоби со уште една вредна публикација, со книгата на Андреј Митровић „Време нетрпељивих", која ја обработува политичката историја на Големите сили по Првата светска војна.

Авторот во книгата се зафатил со еден многу важен период, полн со многубројни настани, што беа причина за почеток на Втората светска војна. Врвно место во овој период е појавата на авторитетниот национализам и доаѓањето на Адолф Хитлер на власт, подемот на фашизмот во периодот од 1919 до 1939 година и неговиот крах од 1939 до 1945 година.

Видно место во настаните зазема создавањето на СССР како прва социјалистичка земја и настаните што се случија во Франција,

Велика Британија и во другите земји на Европа што одиграа значајна улога.

Европа иако е петти континент по големина во светот, зазема видно место во светските историски настани од најстаро време до денес.

Главната проблематика што ја третира книгата се однесува на фашизмот кој покажа крајна нетрпеливост во внатрешната и во надворешната политика „нетрпеливите го наметнаа своето мислење на историјата од тие денови, светот на деспотизмот ја фрли својата сенка на Континентот и истовремено смртта почнала да го зема својот данок и, најпосле, светот се најде во новиот и голем вртлог".

Книгата е поделена на шест дела, со седумнаесет глави; на крај завршува со индекс и опширна библиографија на изворите и литературата. Во предговорот авторот ја изнесува својата намера и целта која сака да ја постигне со неговото дело. Главна цел на авторот била да ги осветли основните политички појави меѓу двете светски војни, она што беше најкарактеристично во овој период.

Првиот дел носи наслов „НОВА ЕВРОПА" и во него се обработува влијанието на тајната дипломатија во политиката на европските сили, договорите што беа постигнати во време на Првата светска војна меѓу Големите сили.

Важни документи што беа тогаш донесени се Декретот за мир и Четиринаесетте точки. Декретот за мир го донесе владата на СССР. Со овој документ се осудува дејноста на тајната дипломатија и се бара преговорите да се водат отворено пред сите народи. Четиринаесетте точки исто донесуваа нови начела во меѓународната политика. Нив ги упати претседателот на САД, Вудро Вилсон до Конгресот на Соединетите Американски Држави. Овие се однесуваат за правото на секој народ на самоопределување. Двата документа во себе имаат нешто заедничко, а тоа е барањето да се постигне траен мир во светот.

Како резултат на настаните од 1917—1919 година изразени во социјални и национални револуции беше создадена нова карта на Европа. Европа доби нов лик. На место дваесет и три држави во 1921 година, се создадоа триесет и три држави.

Во книгата се објаснува зборот револуција, која во периодот од 1917 до 1939 год. различно се толкувал. Заедничко на сите овие толкувања е борбата за рушење на постојните политички прилики.

Насловот на вториот дел е „РЕВОЛУЦИЈЕ СОЦИЈАЛИСТА". Во него авторот зборува за победата на пролетаријатот во Русија, за оној период кога широките народни маси во Русија едногласно го дигнаа својот глас против режимот на угнетување. Настаните што следеа потоа доведоа до поделба на власта меѓу Извршниот одбор на Думата и Извршниот одбор на Советите. Неодлучноста на Советите ја искористи Думата и ја зеде власта во свои раце. Думата беше поврзана со граѓанството и капиталот, па ги штитеше нивните интереси. Ленин одлучно истапи против Думата, која земајќи ја власта во свои раце не ги оствари барањата на најугнетениот слој во државата — пролетаријатот. Со помош на Ленин

револуцијата дојде до конечен крај и власта премина во рацете на Советите.

Под влијание на револуцијата во СССР избувна револуција во Германија во есента 1918 година, која не се изврши до крај. Таму беше создадена парламентарна држава.

„ТРИ ПОЛИТИЧКИ УЗОРИ“ е насловот на третиот дел. Во овие политички модели се вбројува парламентаризмот во Англија каде што владата беше зависна од парламентот. Во Англија постоеја политички партии преку чие ривалство политиката на Англија доби во својата еластичност. Франција беше република на чело со претседател кој немаше власт и беше само личност. Франција сè повеќе западаше во криза, па меѓу личностите се бараше спасител на државата.

Втор модел од овој период е авторитативниот национализам, во вид на фашизам во Италија и националсоцијализам во Германија. Патот на доаѓање на Адолф Хитлер и Бенито Мусолини на власт и спроведувањето на нивните идеи на дело во книгата зафаќаат голем обем. Третиот модел е комунизмот во СССР и првата социјалистичка револуција во светот која изврши големо влијание на другите народи.

Четвртиот дел е наречен „РАТ И МИР“, се зборува за Версајскиот мир кој не донесе решение на многу прашања, важни за понатамошниот развој на европските земји. Силите победнички цврсто ги држеа привилегиите што ги добија во време на војната, во почеток со силата на оружјето, а потоа преку спогодба.

Со Версајскиот мир не беа задоволни ни земјите победнички ни победените. На прво место беше Италија на која, и покрај тоа што беше на страна на победничките земји, не ѝ беа задоволени нејзините барања. Италија бараше излез во фашистичката идеологија која се распространуваше во Германија.

СССР по победата на социјализмот се бореше за признавање во светот. Друштвото на народите, кое беше создадено по војната, одигра важна улога во настаните, но не беше во состојба да реши многу проблеми што постоеја во светот.

Петиот дел носи наслов „ИСКАЗИВАЊА ПОЛИТИЧКОГ И УМЕТНИЧКОГ ДУХА“. Овој политички и уметнички дух се изразуваше преку две теории: теоријата за војна и теоријата за мир. За мир беа силите победнички, а за војна победените со барање за добивање на „животен простор“. Таа теорија не беше прифатена од мнозинството народи, па тие мораа да ја кријат својата суштина дека излез од ситуацијата е војна. Се одеше кон тоа преку секакви средства да се дојде до целта, па макар и преку војна. Светот мора да се менува за да можат повластените нации да дојдат до целта. Тоа беше теоријата на фашистите со која ги подготвуваа народите за катастрофата што се надвиснуваше над светот.

Идејата за траен мир претставуваше антитеза на теоријата на „животен простор“ и бараше трпеливост на народите, за зачувување на мирот во светот.

Фашистите во надворешната политика бараа засновање на не-

прикосновен политички авторитет. Хитлер пишуваше во својата книга „Моја борба": „Изгубените територии не можат да се вратат со брбливоста на парламентарните фалбации, туку со наострен меч т.е. со борба".

Од овие теории се издвојуваше Советскиот Сојуз кој се бореше за постигање на траен мир меѓу народите.

Овие политички настани имаа силен одраз на уметничкото и политичкото поле. Тогаш уметниците бараа слобода на личноста. Тоа се одрази во сите правци на уметноста од овој период. Во уметноста постоеја две концепции, земјите кои беа за мир и во уметноста тоа се манифестираше со барањето на слободата на личноста. Земјите, во кои фашизмот земаше замав, ја застапуваа својата расистичка концепција. Советскиот Сојуз и во уметноста бараше нови форми. Болшевиците земајќи ја власта во свои раце се трудеа да создадат нова култура и револуционерна уметност.

„ЉУДИ ИСТОРИЈЕ" е насловот на шестиот дел, во кој се зборува за важни личности кои одиграа видна улога во настаните од овој период. Меѓу нив, секако врвно место зазема Владимир Илиќ Ленин како синоним на ерата која почнуваше и постана оличење на меѓународното револуционерно движење. Аристид Бријан се бореше да не дојде до војна, народите да живеат во братска заедница, во мир.

Иста тенденција имал и Германецот Густав Штреземан. Во Англија во овој период се истакна Остин Чемберлен како последен изданок на „династијата" Чемберлен. Тој се бореше за зачувување на мирот во Европа. Меѓу личностите кои се бореа за мирот беше Винстон Черчил, Ричард Чемберлен, Јосиф Висарионович Сталин и други кои повеќе или помалку придонесоа за одлагање почетокот на војната.

Од личнстите кои одиграа негативна улога во историјата во овој период беа Адолф Хитлер и Бенито Мусолини — главни носители на идеата за почетокот на војната.

Книгата завршува со мислењата на современиците за понатамошниот развој на Европа.

Како што се гледа од горе изложеното, книгата на Андреј Митровиќ „Време нетрпељивих", претставува виден придонес во нашата историографија. Пишувано на лесен и убав стил ова дело претставува богат придонес во испитувањето на положбата што стана во светот по Првата светска војна. Овој дваесет годишен труд на авторот заслужува пофалба.

**М. П.**